**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија

Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186

www.rsmmk.mk

03-06-71
26.09.2017

Понуда

за

# Ревизија на единечни финансиски извештаи и консолидирани извештаи на Рудници и Железарница УСЛУГИ акционерско друштво-Скопје за 2017 година

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## 1. ПОНУДУВАЧ

| | |
|---|---|
| **Име** | **РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** |
| **Адреса** | Ул. Даме Груев, бр.8, 5ти кат, 1000 Скопје, Македонија |
| **Телефони** | +389 2 3233 301<br>+389 2 3233 302<br>+389 70 250 434 (мобилен) |
| **Факс** | +389 2 3216 186 |
| **Веб страна** | www.rsmmk.mk |
| **Лице за контакт** | Стојан Јорданов |
| **Е-маил** | stojan.jordanov@rsmmk.mk |

## 2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Подготвени сме да ги обезбедиме следните услуги:

**Предмет:** Ревизија на единечни финансиски извештаи и консолидирани извештаи на Рудници и Железарница УСЛУГИ акционерско друштво-Скопје за 2017 година

**Цел:** Да се издаде извештај со мислење на независниот ревизор

Ние ќе извршиме увид во целокупното работење на Рудници и Железарница УСЛУГИ акционерско друштво-Скопје за 2017 година. Нашата работа ќе ја извршиме согласно ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија. Во текот на ревизијата ќе ја прегледаме доставената документација и ќе донесеме заклучоци дали истата е валидна поткрепа на извештаите и презентираната финансиска состојба на друштвото.

Ние ќе спроведеме постапки за ревизија на финансиските извештаи, а базирајќи се на утврдената состојба ќе изразиме мислење за истите.

Во подготовка на извештајот ние ќе ги користиме финансиските извештаи на друштвото. За да поткрепиме соодветност на тие податоци подолу ги даваме општите барања кои се применуваат во изготвување на тие извештаи:

*Раководството на друштвото е одговорно за водење на сметководствена евиденција, избор и примена на сметководствени политики, како и за подготовка на финансиски извештаи кои од секој материјално значаен аспект вистински и објективно ги прикажуваат резултатите на работењето како и финансиската состојба на друштвото на крајот на извештајниот период, а во согласност со законите на Република Македонија и професионалните стандарди. На барање на ревизорот, раководството е должно да овозможи увид во комплетната сметководствена документација на ентитетот, да ги пружи сите други значајни информации, вклучувајќи ги и записниците од состаноците на органите на управување, како и информациите и објаснувањата за кои ревизорот смета дека се нужни за вршење ревизија.*

*Професионална обврска на ревизорот е да го извести раководството дали финансиските извештаи, гледано од сите материјални аспекти, реално и објективно ги прикажуваат финансиските движења на друштвото во согласност со законите на Република Македонија и професионалните стандарди.*

*Во оформувањето на мислењето, ревизорот ги разгледува следниве прашања и го известува раководството за своите согледувања по нив:*

*a) Дали друштвото поседува соодветна книговодствена евиденција;*

*b) Дали билансот на состојба и билансот на успех се усогласени со сметководствената евиденција и извештаите;*

*c) Дали ревизорот ги има добиено сите информации и објаснувања кои ги смета за неопходни при вршењето на ревизијата.*

*Ревизијата се врши во согласност со ревизорски стандарди кои се во примена во Република Македонија и ќе опфаќа испитување на трансакции, средства и финансиски обврски, нивна сопственост и вреднување, каде што ќе се смета за потребно. Ревизорот се запознава со системот на сметководствени и интерни контроли во обем потребен да се утврди дали тие системи се соодветни да претставуваат основ за изработка на финансиски извештаи, како и да утврди дали друштвото има соодветна сметководствена евиденција.*

*Ревизорот очекува дека ќе има соодветни докази кои ќе бидат достатни за донесување разумни заклучоци. Природата и обемот на постапките кои ревизорот ќе ги примени, зависат од неговата оценка на сметководствениот систем на друштвото и системот на интерни контроли, каде што може да се земаат во предвид.*

*Активности на ревизорот можат да бидат различни врз база на наодите во текот на ревизијата. Следствено, можеби нема да биде потребно ревизорот да*

*ги посети сите планирани локации, може да го смени обемот на ревизијата, префрлајќи го акцентот на ревизијата на други подрачја и да предложи ставки за посебно внимание во зависност од дадените околности.*

*Ревизијата вклучува оценка на значајните процени и одлуки на раководството во изработка на финансиските извештаи, како и оценка дали сметководствените политики се соодветни на околностите во кои се наоѓа ентитетот, дали тие доследно се применуваат и обелоденуваат.*

*Во утврдувањето на ревизорското мислење се оценува целокупноста на прикажаните информации во финансиските извештаи.*

## 3. ЦЕНА

Надоместокот за вршење на ревизија, според планираните часови на работа на тимот на стручни лица кои ќе бидат ангажирани во изработка на извештајот изнесува 300.000,- денари без пресметан надомест за ДДВ.

| Услуга | Износ без ДДВ |
|---|---|
| Ревизија на единечни финансиски извештаи и консолидирани извештаи на Рудници и Железарница УСЛУГИ акционерско друштво-Скопје за 2017 година | 300.000,- денари |

## 4. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Исплатата на надоместокот нарачувачот ќе ја врши според следнава динамика:

- 10% од цената по потпишувањето на договорот
- 30% од цената - предревизија
- 30% од цената - попис и ревизија
- 30% од цената пред предавањето на ревизорскиот извештај

За исплата на секој поединечен износ, РСМ ќе изготви фактури. Фактурите се со рок на плаќање од 8 дена.

RSM

## 5. РОК НА ВАЖНОСТ

Нашата понуда важи во рок од 30 дена од датумот на издавањето, за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во кое било време пред истекот на тој рок.

## 6. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Имајќи ја во вид големината и обемот на потфатот се надеваме дека ќе утврдиме заеднички прифатливи рокови за извршување на работата.

Доколку согледувате потреба за разговор по поодделни елементи дадени во оваа понуда, Ве молиме да не контактирате.

Одговорно лице на понудувачот,

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

_______________________

Стојан Јорданов, управител
РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје